# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

29 Јуни 2013 | Излегува по потреба | Година VIII | број 8



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06 и 14/12), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на вонредната седница одржана на ден 25.06.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2967/1**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/02), член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ бр.93/12-пречистен текст), точка 13 од Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди ("Службен весник на РМ бр.75/01), член 151 став (2) и член 183 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Четвртата (вонредна) седница одржана на ден 25.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

За членови на Комисијата се именуваат:

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**, - **БЛАГОЈЧЕ ТРПКОВСКИ** (член на Совет на Општина Гази Баба),

**ЧЛЕНОВИ,** - **МАРИЈА СОТИРОВСКА** (МЗШВ - подрачна единица Гази Баба),

- **КОЦЕ ТРАЈКОВСКИ** ( земјоделска задруга "Каварџик"),
- **БОРИС ЈОВАНОВСКИ** (м.з. Смилковци),
- **ТОНИ БОЈКОВСКИ** ( општинска администрација),
- **САШО МИТЕВСКИ** (општинска администрација), и
- **ВАСКО АПОСТОЛОВСКИ** (општинска администрација).

**Член 3**

Комисијата од член 2 на оваа одлука е должна:

• Да изврши процена и утврдување на штетата, согласно Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди ("Службен весник на РМ бр.75/01), во зависност од тоа од каква непогода или друга несреќа е настаната штетата;

• Утврдувањето на висината на штетата да го започне веднаш по настанување на непогодата, а најдоцна 30 дена од престанокот на непогодата или друга несреќа;

• Да изготви збирен извештај за проценетите штети, на подрачјето на општината и да го достави до Советот на општината на разгледување и одобрување;

• Изготвениот збирен извештај по разгледување и одобрување од Советот на општината, во рок од 60 дена од денот на престанокот на непогодата, да го достави до Комисијата за про-

цена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана од Владата на Република Македонија;

- Да врши други работи согласно Законот за заштита и спасување и останатите законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 4**

Мандатот на членовите на комисијата е 4 години, од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 5**

За работата на претседателот и членовите на Комисијата за постапување по секоја новонастаната природна непогода или друга несреќа, им следува надоместок во висина од 12.000,00 денари, кој се исплаќа по завршена работа на комисијата и изготвен и доставен збирен извештај до Советот на општината и Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана од Владата на Република Македонија.

**Член 6**

Средствата од  член 5 на оваа одлука ќе се исплаќаат од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.5/06).

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2226/2**
**од 25.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

ПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за формирање на комисија за процена и утврдување на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 8/13**
**4 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци